**Република Северна Македонија**
**Republika e Maqedonisë së Veriut**
**СУДСКИ СОВЕТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**KËSHILLI GJYQËSOR I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT**

**Ул. "Македонија" бр. 5, 1000 Скопје** | тел. **02/3 218 130** факс. **02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**
**Rr. "Makedonija" nr. 5, 1000 Shkup** | tel. **02/3 218 130** faksi. **02/3 218 131 | contact@ssrm.mk**

Бр. ____________

_______________
СКОПЈЕ

# З А П И С Н И К
**од 430-та седница на Судскиот совет на Република Северна Македонија**

**Скопје, 14.02.2023 година**

Седницата се одржа на ден 14.02.2023 година со почеток во 13,30 часот во салата за седници.

Присутни членови:

- **Весна Дамева**, претседател;
- **м-р Селим Адеми**, заменик претседател;
- **Мери Радевска**, член;
- **Зоран Герасимовски**, член;
- **Лорета Горгиева**, член
- **Ивица Николовски**, член;
- **Сашко Георгиев**, член;
- **Мирсад Суроји**, член;
- **м-р Тања Чачарова Илиевска**, член.

Отсутни членови:

- **д-р Никола Тупанчевски**, министер за правда, уредно поканет
- **Беса Адеми**, претседател на Врховен суд-оправдано отсутна;
- **Мирјана Радевска Стефкова**, член, годишен одмор;
- **Ханиф Зендели**, член – службено патување
- **м-р Миљазим Мустафа**, член – службено патување;
- **Павлина Црвенковска**, член – службено патување;

Присутни од стручната служба:

- **Весна Толева**, ВД генерален секретар
- **м-р Вера Андрејчин**, советник
- **Емилија Николиќ**, државен советник

Седницата е отворена за јавноста и се констатира присуство на :

- Преставник од Институт за човекови права
- Претставник од Коалиција сите за правично судење

Согласно чл. 8 ст. 1 од Законот за Судскиот совет, седницата ја отвори и со неа раководеше претседателот на Советот **Весна Дамева**.

**Претседателот на Советот** пред да го предложи Дневниот ред за 423-та седница на Советот ги информираше членовите на Советот дека оваа итна седница е свикана од причини што од Основниот кривичен суд Скопје е пристигнато известување дека е починат судијата Огнен Ставрев. Со оглед да рокот за утврдување на престанок на судиската функција изнесува 10 дена закажана е денешната седница.

Во продолжение **Претседателот на Советот** откако го констатира присуството на членовите на Советот и нивното отсуство, со излагање на причините за членовите кои не се присутни на седницата го предложи Дневниот ред за 430-та седница.

**Претседателот на Советот** отвори расправа по предложениот Дневен ред..

Откако констатира дека никој од членовите на Советот не се јави за збор **Претседателот на Советот,** Дневниот ред за 430-та седница го стави на гласање.

По гласањето се констатира дека едногласно со 8 гласа -„За“, и ниту еден глас „Против“ е усвоен следниот

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

1. **Утврдување на престанок на судиска функција на судија на Основен кривичен суд Скопје, поради смрт**

2. Разно.

**Точка 1**

**Утврдување на престанок на судиска функција на судија на Основен кривичен суд Скопје, поради смрт**

**Претседателот на Советот** информираше дека до Судскиот совет на Република Северна Македонија од страна на Основиот кривичен суд Скопје е доставено писмено известување 03-Су бр.68/23 од 13.02.2023 година, во Советот заведено под бр.03-372/1 од 13.02.2023 година, дека на Огнен Ставрев, судија на Основен кривичен суд Скопје, кој согласно годишниот распоред за работа на судот за 2023 година бил определен да постапува во одделот за извршување на санкции, на ден 05.02.2023 година му престанала судиската функција, поради смрт.

Врз основа на наведеното, а согласно чл.36 ст.1 алинеја 3 од Законот за Судскиот совет на РСМ предложи да се утврди престанок на судиската функција на судијата Огнен Ставрев од Основниот кривичен суд Скопје поради смрт.

**Претседателот на Советот,** отвори расправа по првата точка од Дневниот ред.

Откако констатира дека никој не се јави за збор **Претседателот на Советот** предлогот да се утврди престанок на судиската функција на Огнен Ставрев, судија на Основен кривичен суд Скопје го стави на гласање.

По гласањето констатира дека со 8 гласа - „За“ и ниту еден глас „Против“ е донесено следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УТВРДУВА** престанок на судиската функција на Огнен Ставрев, судија на Основен кривичен суд Скопје, поради смрт.

Со денот на престанок на судиската функција на судијата му престанува правото на плата, заклучно со 05.02.2023 година.

**Претседателот на Советот** констатира дека е исцрпена 1-та точка од Дневниот ред и дека ќе се премине на разгледување и постапување по 2-та точка од Дневниот ред – „Разно“.

**Точка 2**

**Разно**

Откако констатира дека во оваа точка од Дневниот ред никој од членовите на Советот не се јави за збор, П**ретседателот на Советот** констатира дека е исцрпен дневниот ред од 430-та седница на Советот и дека истата е завршена во 13,40 часот.

Тонското снимање е составен дел на овој записник.

**СУДСКИ СОВЕТ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Претседател**
**Весна Дамева**

**Изработил:** Емилија Николиќ-државен советник
**Одобрил**: Весна Толева - ВД генерален секретар